# Извештај
# за програма за работа на ОСБСП
# за 2022

Февруари 2023

Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во 2022 година во соработка со РСБСП, а во насока на имплементација на Втората национална стратегија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата 2015-2020 за остварување на нејзините главни цели. Реализираните активности се согласно законските надлежности и согласно Програмата за работа за 2022 година.

Согласно Програмата за работа во 2022 година ОСБСП реализира кампањи и активности за подигање на јавната свест за правилно и одговорно учество во сообраќајот. Во соработка со РСБСП кој изготви и дистрибуира сообраќајно едукативни материјали. ОСБСП реализираше три активности активности кои имаа за цел унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата во Република Северна Македонија.

Како активности кои се реализирани во 2022 година се:

1. Организирање и одржување на состаноци на ОСБСП реализирани се седум состаноци од кој еден работен состанок во соработка со ОСБСП Куманово и СВР Куманово. Организирањето и одржувањето на состаноци е со цел реализација на програмските активности на ОСБСП и оперативно разгледување и имплементација на тековните задачи на ОСБСП во насока на реализирање на Програмата за работа
2. Организирана е кампања „Биди подготвен за безбедно патување“ за подигање на свеста кај учесниците во сообраќајот за последиците од сообраќајните незгоди, односно за последиците од неодговорното учество во сообраќајот.
3. Организирана е кампања „Вози одговорно, патувај безбедно “ за подигање на свеста кај учесниците во сообраќајот за нивно одговорно учество во сообраќајот со посебен акцент за почитување на сообраќајните правила и прописи.
4. Организирана е кампања „ Биди горда што си безбеден возач “ за подигање на свеста кај жените учесниците во сообраќајот за последиците од сообраќајните незгоди.

Иако во услови на пандемија ОСБСП може да се заклучи дека беше активен во 2022 година, со што успешно беа реализирани неколку кампањи и врз основа на тоа може да се заклучи дека ОСБСП ефикасно и успешно ја реализира Програмата за работа за 2022 година.

Сретствата кои се потрошени од Буџетот на Општината за 2022 год за реализација на Програмата за работа на ОСБСП за 2022 изнесуваат 5.000,00 денари.

Претседател на ОСБСП

Билјана Цветковска Тасевска